# ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) како консултативно тело на Советот на Општина Битола  започна со работа во 2018 год. Составен е од 9 члена кои се избраат по пат на јавен повик и номинација од институции и граѓански организации на секои две години. Локалниот совет за волонтерство е советодавно работно тело на Советот на Општина Битола кој се основа со цел да работи на зголемување на младинско учество во локалната заедница, преку волонтерство и препознавање и признавање на волонтерскиот труд на локално ниво




ЛСВ
ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО
ОПШТИНА БИТОЛА

Една од заложбите на Локалниот совет за волонтерство е да создава клима за признавање на волонтерите и волонтерската работа како неопходни за развој на општеството и локалната заедница, но и за личен развој на волонтерите –стекнување на нови вештини за подобро прилагодување на пазарот на труд, социјална инклузија и себереализација.

На 5 декември по повод меѓународниот ден на волонтерството секоја година се  распишува повик од страна на Локалниот совет за волонтерство за локална волонтерска награда и оддавање на јавно признание во областа на волонтерството на поединци, групи и организатори на волонтерска работа.

Лице за контакт: Златко Талевски – Претседател на Локален совет за волонтерство на општина Битола, talevskiz@yahoo.com